Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво

Бр 02-1868
25.12. 2023 год.
Куманово

Врз член 455 и 456 од Законот за трговските друштва, Собранието на седницата одржана на ден 25.12.2023 година, со мнозинство гласови коешто изнесува повеќе од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието донесе:

**ОДЛУКА**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА**

Член 1

СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на голема зделка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со **Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово** и тоа склучување на Договор за заем, кој Договор е составен дел на оваа одлука.

СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на голема зделка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со **Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово** и тоа склучување на Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ и Договор за деловно техничка соработка кои Договори се составен дел на оваа одлука.

СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на голема зделка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со **Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово** и тоа склучување на Договор за купопродажба на нафтени деривати и Договор за подготовка и достава на храна кои Договори се составен дел на оваа одлука.

СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на голема зделка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со **Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција ДЕТОИЛ ТРАНСПОРТ ДОО Куманово** и тоа склучување на Договор за услуги кој Договор е составен дел на оваа одлука.

СЕ ОДОБРУВА склучување и реализација на голема зделка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со **Друштво за превоз на патници и транспорт НАШ ПРЕВОЗ ДОО Куманово** и тоа склучување на Договор за превоз на работници од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, кој Договор е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Вкупната вредност на меѓусебно поврзаните зделки од член 1 изнесува 123.000.000,00 денари.

- Вредноста на зделката со Друштво за градежништво и трговија **Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово**, по основ Договор за заем, изнесува 100.000.000,00 денари, за период од 3 години.
- Вредноста на зделката со **Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово,** по основ на Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ, изнесува 6.000.000,00 денари, по основ Договор за деловно техничка соработка изнесува 1.000.000,00 денари, или се вкупно кумулативно изнесува 7.000.000,00 денари, за период од 3 години.
- Вредноста на зделката со **Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово,** по основ на Договор за купопродажба на нафтени деривати изнесува 3.000.000,00 денари, по основ Договор за подготовка и достава на храна изнесува 7.000.000,00 денари, или се вкупно кумулативно изнесува 10.000.000,00 денари, за период

од 3 години.
- Вредноста на зделката со **Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција ДЕТОИЛ ТРАНСПОРТ ДОО Куманово**, по основ Договор за услуги, изнесува 1.000.000,00 денари, за период од 3 години
- Вредноста на зделката со **Друштво за превоз на патници и транспорт НАШ ПРЕВОЗ ДОО Куманово**, по основ на Договор за превоз на работници од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, изнесува 5.000.000,00 денари**,** за период од 3 години.

Член 3

Собранието на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово **потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва наведената зделка во член 1 и 2 од оваа одлука надминува 20% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи и според одредбите на ЗТД и Статутот на Друштвото, оваа зделка претставува голема зделка која потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка и се утврдува дека се исполнети условите за зделка со заинтересирана страна и е голема зделка со заинтересирана страна.

Член 4

**СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СЕ:**

1. Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово.
2. Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово
3. Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово.
4. Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција ДЕТОИЛ ТРАНСПОРТ ДОО Куманово.
5. Друштво за превоз на патници и транспорт НАШ ПРЕВОЗ ДОО Куманово.

Член 5

**ПРЕДМЕТ НА ГОЛЕМАТА ЗДЕЛКАТА СЕ:**

- Склучување на **Договор за заем**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово;
- Склучување на **Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на ФЗЦ** и склучување на **Договор за деловно техничка соработка**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово;
- Склучување **Договор за купопродажба на нафтени деривати** и **Договор за подготовка и достава на храна**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово;
- Склучување на **Договор за услуги**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за меѓународен транспорт и шпедиција ДЕТОИЛ ТРАНСПОРТ ДОО Куманово;
- Склучување на **Договор за превоз на работници од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за превоз на патници и транспорт НАШ ПРЕВОЗ ДОО Куманово.

Член 6

Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Член 7

Се овластува и задолжува Извршниот директор при Одборот на директори на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да ги склучи и да ги реализира договорите по правосилноста на оваа Одлука.

Член 8

Оваа Одлука за голема зделка и склучување и реализација на договорите, влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
ПРЕТСЕДАВАЧ
Јелена Максимовиќ

Фабрика за заварени цевки и профили Акционерско друштво 11 ОКТОМВРИ 1 Куманово